Врз основа на член 156 од КД за вработените во Тутунското стопанство, а во врска со член 277, став 2 од ЗРО (Службен весник бр 16/10), ОКД за приватниот сектор од областа на стопанството на Р. М. (Службен весник бр 60/10 и 84/10), Синдикатот на работниците од Агроиндустрискиот комплекс на Р. М. и Здружението за тутунско стопанско на ОРМ, склучуваат/донесуваат

# С П О Г О Д Б А

За усогласување на КД за вработените
во тутунското стопанство

**Член 1**

Во член 1 зборовите “стопанство” се заменуваат со зборовите “приватниот сектор од областа на стопанството”.

**Член 2**

Во член 2 зборот “дејност” се заменува со зборовите “гранка, односно оддел”.

**Член 3**

Во член 4, став 1 зборовите “во висина од 5 плати” се заменуваат со зборовите “согласно Законот за облигационите односи”.

Ставка 2 од член 3 се брише.

**Член 4**

Во членот 19 по зборот “договор” се брише зборот “стопанство” и се заменуваат со зборовите “приватниот сектор од областа на стопанството”.

**Член 5**

Во членот 42, став 2 по зборот “договор”, зборот “стопанството” се заменува со зборовите ” приватниот сектор од областа на стопанството”.

**Член 6**

Во членот 57, став 1 зборот “дејност” се заменува со зборовите “гранка, односно оддел”.

**Член 7**

Овие усогласувања на КД за вработените од тутунското стопанство стапуваат во сила со денот на склучувањето, а ќе се применуваат од денот на нивното објавување во Службен весник на Р. М.

12.10.2010

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ**
**Здружение за тутунско стопанство**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Лидија Групчева**

**СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД АГРОИНДУСТРИСКИОТ КОМПЛЕКС НА Р. МАКЕДОНИЈА “АГРО-СИНДИКАТ”**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Живко Даневски**